Во соработка со НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# МОНЕТИ И БАНКНОТИ



**Драги пријатели, денес продолжуваме од таму каде што застанавме минатиот пат. На почетокот да се потсетиме:**

**По повод Меѓународната недела за финансиска едукација на деца и млади, која траеше од 15 до 21 март, претставниците од Народната банка на Република Македонија одржаа интерактивна настава со учениците од трето до петто одделение во 13 основни училишта.**



**Во продолжение ќе ве запознаеме со нашите читатели од неколку основни училишта во Скопје и ќе ви раскажаме што сè научивме од областа на финансиите и економијата.**

**Во минатиот број откривме дека секоја паричка има предна страна (аверс) и задна страна (реверс) и дека на секоја од нив се насликани обележја од поднебјето на нашата држава. Но дали знаете дека секоја паричка има заштитни елементи за да не може да се фалсификува?!**





ОУ „Христијан Тодоровски Карпош“ V1 одд. - Скопје



ОУ „Кирил и Методиј“ IV3 одд. Скопје



**На тој начин сите сме заштитени од лажни монети и банкноти.**

**Освен тоа, Народната банка на Република Македонија се грижи и за тоа колку банкноти и монети треба да се пуштат во оптек, односно колку монети да се исковаат и колку банкноти да се отпечатат.**

